EU SUPPORT FOR RULE OF LAW

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

# Член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД)
# Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација

*„Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа".*

## 1. Што е повикување и поттикнување на дискриминација?

**Јавен говор насочен кон публика** чија цел е да **заговара дискриминаторно однесување** кон лице или група кои се одликуваат со една или повеќе заштитени основи.

*Примери:*

- Член 20.(2) од Меѓународната повелба за граѓански и политички права: „[к]акво било заговарање на национална, расна или религиозна омраза која претставува поттикнување на дискриминација, нетрпеливост или насилство се забранува со закон."
- Член 4 од Конвенцијата за елиминација на расна дискриминација: „...целокупната пропаганда.... која почива врз идеи или теории за супериорност на една раса или група на лица со една боја на кожата или етничко потекло, или кои се обидуваат да ја оправдаат или промовираат расната омраза и дискриминација во кој било облик", вклучително и „ширење на идеи засновани врз расна супериорност или омраза, поттикнување на расна дискриминација, како и сите акти на насилство или поттикнување на такви дела против која било раса или група на лица од друга боја или етничко потекло...".

## 2. Што е Инструкција за дискриминација?



- **Наредба** која се пренесува во рамки на **претходно воспоставена релација** помеѓу давателот на инструкцијата и лицето/лицата на кои им се дава инструкцијата да дискриминираат (може да биде работен однос, хиерархиски однос или договорен однос).
- **Сложени ситуации** каде лицето изразува претпочитање или охрабрување да се постапува со поединци на дискриминаторски начин, насочено кон лица со кои веќе постои релација што вклучува нееднаква положба на моќ.

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Пример:

Член 2.(4) од Директивата 2000/43/ЕК за спроведување на принципот на еднаков третман помеѓу луѓето без разлика на расно или етничко потекло: *„Инструкцијата за дискриминација на лица врз основа на расно или етничко потекло се смета за дискриминација во смисла на значењето на став 1."*

## 3. Кои дејствија содржат елементи на повикување, поттикнување или инструкција за дискриминација?

- **Говор или кој било друг облик на изразување** кој е доволно експлицитен и конкретен за да заговара дискриминација (пр. написи, изјави, логоа, слогани, песни, поеми, наредби, договорни клаузули, но и цртежи, гестови, ритуали).
- Кога постои **намера** да се влијае или да се предизвикаат други да извршат дискриминаторски дејствија (што се подразбира од содржината на говорот, од контекстот во кој се изјавува, од средствата кои се користат за да се допре до публиката, од реакцијата на публиката, итн).
- Повреда казнива со член 9 се констатира дури и ако во пракса не дошло до дискриминаторските дејствија кои се заговараат.
- Повикување, поттикнување и инструкција на дискриминација може да резултира и во **вознемирување** (Член 10 ЗСЗД).

## 4. Кои се сторителите на овие дела?

- Сторителите (т.е. подбуцнувачите) кои, преку нивните дејствија, кои вообичаено содржат форма на говор на омраза, **директно** или **индиректно повикуваат, поттикнуваат, инструираат или ги подбуцнуваат останатите да вршат дискриминаторски дејствија.** Тие се **соучесници** во дискриминацијата, бидејќи не се непосредно вклучени во дискриминаторските дејствија.

## 5. Кои дејствија се казниви согласно Кривичниот законик?

- Дејствија кои **имаат конкретен облик** пропишан со Кривичниот законик или кои **се насочени кон одредени групи**, како што е:
    - ирење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем /преку други средства за јавно информирање (Член 394-г);
    - Одобрување или оправдување геноцид, злосторства против човештвото или воени злосторства (Член 407-а).
- Дејствија сторени со **квалификувана намера** да се издаваат наредби за систематско уништување на цивилното население, (Член 403-а Злосторство против човечноста).



- Дејствија кои **резултираат со омраза, раздор или нетрпеливост** против заштитена група (Член 319 Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост).
- Дејствија кои имаат одреден **степен на интензитет** поради што се квалификуваат како кривично дело (Член 417.(3) Расна или друга дискриминација) – каде неопходни карактеристики се присуството на **реална и непосредна закана по јавниот ред**, што вклучува поттикнување на јавноста со цел да се предизвика резултат кој ќе се случи непосредно, а не во иднина, наместо пропаганда, што е подмолен начин на сеење омраза, кој вклучува систематско дејствување, што се развива во подолг временски период.
- Кривични санкции треба да се изрекуваат само за дејствија со одреден степен на интензитет, кои ЕСЧП ги класификува како мерка *ultima ratio*, на пр., кога говорот вклучува **нескриени повици за напади на физичкиот и менталниот интегритет**

## 6. Каков вид на говор останува надвор од границите на правото на слобода на изразување, кое не претставува апсолутно право?

- **Говорот на омраза** насочен кон заедници кои се во **потенцијално ранливи ситуации** кои ги утврдува ЕСЧП врз основа на следниот збир на критериуми:
    - арактеристиките на засегнатата група (големина, хомогеност, ранливост, историја на стигматизација, однос со општеството).
    - рецизна содржина на изјавите - „одреден степен на сериозност“ (негативни стереотипи, негативна порака), и
    - Формата и контекстот на изјавите, нивната дистрибуција, позицијата или статусот на авторот, предизвикана штета.
- **Изрази што предизвикуваат омраза**, која достигнува одреден **степен на сериозност**, се карактеризираат како **кривични дела** согласно тестот од шест дела за одредување на прагот (КВКЧП, Акциски план од Рабат 2012), кои се наведени подолу:
    - (а) Контекстот.
    - (б) Говорникот.
    - (в) Намерата.
    - (г) Содржината и формата.
    - (д) Опфат на актот.
    - (ѓ) Веројатност, вклучително и неизбежност.
- **Говор кој е повреда на Член 17 од ЕКЧП, злоупотреба на слободата на изразување:**
    - овор кој има ефект на *„уништување на правата и слободите на ранлива група“* (*Охенсбергер против Австрија,* бр. 21318/93, одл. 2.09.1994).
    - Сите форми на изразување кои „шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат омраза заснована врз нетолеранција” (*Ербакан против Турција*, бр. 59405/00, 6.07.2006, став 56).



Финансирано од Европска Унија
ЕУ со ТЕБЕ

Забелешки кои одат дотаму што на луѓето им ја негираат нивната човечка природа, и кои се дополнително засилени со поттикнување на насилство (Ленис против Грција , бр. 47833/20, 27.06.2023 година, став 54).

- **Говор што оди над границите на слободата на изразување утврдени со член 10(2) од ЕКЧП:**

  авни изјави кои промовираат нетолеранција и омраза кон групи кои моментално се стигматизирани во општеството (*Лилиендал против Исланд*, бр.29297/18, одл. 12.05.2020),

  авредување, исмејување или клеветење на општествена група, без да биде потребно говорот директно и ефективно да поттикнува насилство (*Вејделанд и други против Шведска*, бр. 1813/07, 09.02.2012).



ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА Е ФИНАНСИРАНА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА. НЕЈЗИНАТА СОДРЖИНА Е ЕДИНСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ЛУДВИГ БОЛЦМАН ГЕСЕЛШАФТ – ИНСТИТУТ ЗА ФУНДАМЕНТАЛНИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА (LBI-GMR) И НЕ НУЖНО ГИ ОДРАЗУВА СТАВОВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА